**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-197/4 од 6.10.2016 година донесена на 169. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 6.10.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *ортопедски болести* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 23.9.2016 година и во предвидениот рок се пријави **д-р ЈАСМИН ЦИРИВИРИ**, доктор по медицински науки, вработен во ГОБ „8 Септември" во Скопје на Одделението за ортопедија и трауматологија. По разгледување на доставената документација, утврдивме дека кандидатот д-р Јасмин Циривири, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и комплетно ги има доставено сите барани документи. Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Јасмин Циривири** е роден на 11 јули 1962 година во Скопје. Основно училиште и гимназија завршува во Скопје. По отслужувањето на воениот рок, започнува со студиите на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, во студиската 1981/1982 година. Дипломира на Медицинскиот факултет при УКИМ во студиската 1987/1988 година, со средна оценка 8,78.

Од 1989 до 1991 година волонтира на Клиниката за ортопедија при Медицинскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Љупчо Серафимовски. Во 1991 година се вработува како доктор на пракса во тогашната Воена болница на Министерството за одбрана, сегашна „8 Септември". До 1992 година д-р Циривири врши општа медицинска пракса. Во март истата година станува управник на Воената амбуланта за семејна медицинска пракса за воената област Тетово. Семејната медицинска пракса за војниците, старешините и членовите на нивните семејства во воената област – Тетово ја врши до септември 1995 година, кога започнува со специјализацијата на Клиниката за ортопедија на Медицинскиот факултет пру УКИМ во Скопје. По завршувањето на специјализацијата по ортопедија во декември 1999 година, д-р Јасмин Циривири работи како ортопедски хирург на Одделот за ортопедија и травматологија во Воената болница во Скопје.

Сè до јули 2001 година, д-р Циривири работи на лекарски прегледи, дијагностика, конзервативен третман, врши оперативни - хируршки интервенции, како и постоперативен третман кај пациенти со болести и повреди на локомотерен апарат.

Д-р Циривири активно придонесува со својата медицинска експертиза и за време на воените дејствија во Македонија во 2001 година, како воен офицер – потполковник во АРМ. Тој има теренски згрижувања на повредените припадници на АРМ, како и многубројни оперативни интервенции во Воената болница на потешко повредени припадници на АРМ, МВР и цивили.

Во август 2001 година д-р Јасмин Циривири е поставен за началник на Одделението за трауматологија во Одделот за ортопедска и трауматолошка хирургија во Воената болница во Скопје. Притоа, тој работи на планирање, организирање, раководење, координирање на процесот на лекарски прегледи, дијагностика, конзервативни третмани, хируршки интервенции и постоперативни третмани на Одделението со коешто сè уште раководи.

Во мај 2007 година е назначен за началник на целиот Оддел за ортопедија и травматологија во Воената болница во Скопје. Д-р Циривири е сè уште на позицијата началник на Одделението за ортопедија и травматологија при ГОБ „8 Септември“ во Скопје.

Во 2012 год. се запишува на докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје и успешно ги завршува во септември 2016 год. кога ја одбранува докторската дисертација од областа на ортопедија со наслов „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер“.

Кандидатот д-р мед. Јасмин Циривири ***ги исполнува законските услови за избор во звање доцент*** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот е доктор на науки од областа на медицински науки - ортопедски болести, има просечен успех од 8,78 (од додипломски студии) и има објавено пет труда во меѓународни научни списанија.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Статус на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ј.Циривири, Д.Талевски, З.Несторовски, Т.Вранишковски | **Третман на инфицирани ендопротези на колено со примена на антибитски спејсер** | Acta Orthopaedica et Traumatologica Macedonica 2014;7: p. 18-22 | Меѓународно научно списание (2004) |
| 3. | Ј.Циривири, Д.Талевски, З.Несторовски, Т.Вранишковски, С.Перчинкова Мишевска | **A two phase treatment of an infected hip endoprothesis** | Прилози, МАНУ, XXXVI, 2, 2015 | Меѓународно научно списание (1980) |
| 4. | Ј.Циривири, Д.Талевски, З.Несторовски, Т.Вранишковски, С.Перчинкова Мишевска | **Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колено** | Мак.мед.преглед 2015;69(1): p.74-80 | Меѓународно научно списание (1947) |
| 5. | З.Несторовски, Н. Петков, Д. Талевски, Л.Коцев, Ј.Циривири | **Различен пристап во реконструкција на преден вкрстен лигамент”all inside” техника** | Acta Orthopaedica et Traumatologica Macedonica 2016;8: p. 46-51 | Меѓународно научно списание (2004) |

***Научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Едукацијата на д-р Циривири започнува веднаш по завршувањето на неговата спцијализација. Тој учествува со свои трудови, но и како слушател, на бројни работилници, стручни секции и настани од научно-едукативен карактер, почнувајќи од 2001 г., па сè до денес.

Како член на Редакцискиот одбор на МАДОТ – Македонска друштво на ортопеди и трауматолози, има активно учество во повеќе организациски комитети за секој МАДОТ настан.

Зема активно учество и на годишните состаноци на AAOS – Американска академија за ортопедска хирургија, во 2013, 2011 и 2009 година, во Чикаго, Сан Диего и Лас Вегас во САД.

Со цел за врвна едукација од областа во која работи, има остварено повеќе престои во реномирани центри во Европа и САД, како и активно учество на семинари, работилници и симпозиуми од кои позначајните се:

- Едукација за минимално инвазивен преден пристап на колк - Специјална ортопедска болница Валдотра Анкаран, Словенија, декември 2016 г.;
- Едукација за уникондиларна и феморопателарна протеза на колено - Artrex Institute, Минхен, Германија, ноември 2016 г.;
- Едукација за аугментација при ревизии на колк во DePuy Institute во Хамбург, Германија, во јуни 2015 г.;
- Едукација за хирургија на колк и колено - Американска академија за ортопедска хирургија - AAOS, Чикаго, САД, март 2013 г.;
- Ревизиона ендопротетска замена на колк и колено, година, во Ортопедска болница Valdotra во Анкаран, Словенија, септември 2012 г.;
- Специјализирани теми во Центарот за обука на ревизија на колено во DePuy Institute во Хамбург, Германија, октомври 2011 г.;
- Курс за инструктори за ревизија на во DePuy Institute во Хамбург, Германија, септември 2010 година;
- Ендопротетска замена на колк и колено во Военомедицинската академија на Турција – GATA, Турција, април 2008 г.;
- Имплантација на уникондиларни и тотални протези на колено – Медицински факултет – Грац, Австрија, март 2007 г.;
- Животно згрижувачки постапки и третман - Воена академија, Чешка Република, март 2003 г.;
- Остеосинтеза со заклучувачки плочки, во организација на **AO – ASIF,** Блед, Словенија, октомври 2002 г.;
- 15-ти конгрес на EFFORT - European Federation of National Associations of Orthopedics and Traumatology - Лондон, Велика Британија, мај 2014 г.;
- Симпозиум по повод 20-годишен јубилеј на МАДОТ- Македонска друштво на ортопеди и трауматолози, Скопје, Македонија, ноември 2013 г.;
- Учество на Вториот балкански конгрес за артроскопија и хирургија на колено, организиран од МАДОТ – Македонска друштво на ортопеди и трауматолози во Охрид, септември 2011 година;
- Хирургија за ревизија на колк после алопластична операција на колк, во организација на Лекарската комора на Република Српска - Бања Лука, 2010 година.
- Учество на 9-ти конгрес на EFFORT - European Federation of National Associations of Orthopedics and Traumatology во Ница, Франција, 2008 година;
- Меѓународна организација на Црвен крст, Скопје, Македонија – „Огнострелни повреди", во 2001 година.

Кандидатот д-р Јасмин Циривири е автор и коавтор на повеќе научни и стручни трудови од областа на болестите и повредите на локомоторниот апарат.

Во текот на својот професионален развој, кандидатот има богата стручно-апликативна и развојна дејност. Д-р Циривири е сè уште на позицијата началник на Одделението за ортопедија и трауматологија при ГОБ „8 Септември" во Скопје. Неговите работни задачи вклучуваат: одговорност за планирање, организирање, раководење, координирање, следење и контрола на процесот на лекарски прегледи, дијагностика, конзервативен третман, хируршки интервенции, постоперативни третмани. Во овој период д-р Циривири има извршено околу триста хируршки интервенции годишно, со повеќе од 3.000 прегледи на годишно ниво.

**I. <u>Трудови со оригинални научни резултати, објавени во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор</u>**

1.Ј.Циривири, З.Несторовски, Д.Домазетовски, М.Спирковски, С.Младеновски **Избор на метода за рана фиксација на фрактурите на фемур кај политрауматизирани пациенти со повреда на белите дробови** (Acta Orthopaedica et Traumatologica Macedonica 2006;4:26-30)

Целта на трудот е да се направи клиничка анализа за изборот на методата за фиксација на долгите коски кај политрауматизирани пациенти, како и појавата на белодробни

компликации при изборот на одредена метода. Притоа е констатирано дека честотата на белодробни компликации е многу почеста при третман на фрактурите на долгите коски со интрамедуларна фиксација. Во истражувањето се анализирани вкупно 47 пациенти со политрауми, лекувани во Воената болница во Скопје, во периодот од 2001 до 2005 година.

2. Ј.Циривири, Д.Талевски, З.Несторовски, Т.Вранишковски. **Третман на инфицирани ендопротези на колено со примена на антибитски спејсер.** Acta Orthopaedica et Traumatologica Macedonica 2014;7:18-22)

Целта во овој труд претставува анализата на третманот во две фази како златен стандард на лекување на инфекциите на имплантирани ендопортези на коленото. Притоа е нагласена потребата од доследно дијагностичко иследување на етиолошкиот агенс во третманот на оваа сложена компликација на имплантираните ендопротези. Во трудот се вклучени 17 пациенти со инфекција на имплантрана ендопортеза на колено.

3.Ј.Циривири, Д.Талевски, З.Несторовски, Т.Вранишковски, С.Перчинкова Мишевска. **A two phase treatment of an infected hip endoprothesis.** Прилози МАНУ, XXXVI2, 2015

Во трудот се обработени резултатите од 29 пациенти со инфицирани ендопротези на колкот, третирани во две фази со употреба на антибиотски спејсер, во период од 2009 до 2012 година. Кај 28 пациенти е применета дефинитивна реимплантација, додека еден пациент е лекуван со ресекциска метода. Авторите заклучуваат дека применетиот протокол на третманот кај инфицираните ендопротези е ефективен во ерадикацијата на инфекцијата и финалната реимплантација.

4.Ј.Циривири, Д.Талевски, З.Несторовски, Т.Вранишковски, С.Перчинкова Мишевска. **Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колено.** Мак.мед. преглед 2015;69(1):74-80

Трудот ги анализира резултатите на третман во периодот 2008-2012 год. кога се лекувани 21 пациент со инфекција на имплантирани ендопротези на колено. Постоперативно пациентите се следат 36 месеци. Функционалните иследувања се според КСС (Knee society score). Процентот на успех во лекувањето со оваа метода изнесува 85,71.

5. З.Несторовски, Н. Петков, Д. Талевски, Л.Коцев, Ј.Циривири. **Различен пристап во реконструкција на преден вкрстен лигамент ”all inside” техника.** Acta Orthopaedica et Traumatologica Macedonica 2016;8:46-51

Компаративна студија на оперативно лекување на преден вкрстен лигамент со минимално инвазивна метода и конвенционална техника. Анализирани се 175 пациенти оперирани со двете техники. Резултатите на авторите потврдуваат дека минимално инвазивната метода на реконструкција на предниот вкрстен лигамент е супериорна во однос на конвенционалната метода.

**<u>Трудови од научни и стручни собири печатени во зборници на трудови од научни собири</u>**

6. Ј.Циривири, М.Спирковски, Д.Домазетовски**. Начин на третман на воени повреди на екстремитетите во Воената болница во Скопје.** Хируршки семинар за повреди задобиени во воени конфликти под раководство на меѓународниот комитет на Црвениот крст – Скопје, Р. Македонија, 8-9 февруари 2001 г.

Приказ на 136 повреди на екстремитети со склопетарни и експлозивни орудија со акцент на примарна хируршка обработка на загадени рани, употреба на надворешни фиксатори компликации и дефинитивен третман. Хируршки семинар за повреди задобиени во воени конфликти под раководство на меѓународниот комитет на Црвениот крст – Скопје, Р. Македонија, 8-9 февруари 2001 г.

7.Ј.Циривири, М.Спирковски, Д.Домазетовски, С.Пашовски, К.Зафиров. **Огнострелни повреди на екстремитетите.** II Конгрес на Македонско друштво на ортопеди и трауматолози со меѓународно учество, Охрид, Р.Македонија, 15-18 мај 2002 г.

Опфаќа иницијален третман на повредите со примарно одложено затворање на раните поставување на надворешен фиксатор и понатамошна конверзија со плочки или интрамедулрни клинови и корекција на коскените дефекти. Приказ на дефинитивни функционални резултати по една год. од лекувањето.

8. Ј.Циривири, С.Пашовски, Д.Домазетовски. **Оперативна процедура со неримувани феморални клинови после рефрактура на бутната коска.** II Конгрес на Македонско друштво на ортопеди и трауматолози со меѓународно учество, Охрид, Р.Македонија, 15-18 мај 2002 г.

Во трудот се објаснува посебноста на апликација на интрамедуларен клин во бутната коска по оперативно отстранување на скршената плочка и штрафови без употреба на екстензионен стол и со интраоперативна употреба на РТГ апарат. Ран постоперативен физикален третман и дефинитивни функционални резултати една год. по зараснување на фрактурата. Компликации кои се јавуваат со оваа метода и прцент на успех.

9. Ј.Циривири, З.Несторовски, С.Пашовски, М.Спиркосвки, Д.Домазетосвки. **Анализа ревизије ендопротезе кука на нашем материјалу у периоду 2005-2009 год**. Симпозиум ревизионе хирургије кука.Бања Лука, Р.Српска, Босна и Херцеговина 7-9 мај 2010 год.

Трудот ја опфаќа деталната анализа на причините за ревизија на имплантираните ендопортези на колкот кои биле оперативно лекувани во нашата установа. Систематски се опфатени најчестите причини за ревизија, како за ацетабуларната така и за феморалната компонента.

10. З.Несторовски, Ј.Циривири, Н.Петков, Л.Коцев. **Reconstruction of the anterior cruciate ligament with hamstring tendons.** II Balkan congress of arthroscopy, sport traumatology,and knee surgery. Ohrid, R. Macedonia, 29 september – 1 ocotber 2011.

Опфаќа 27 пациенти на средна возраст од 29 год. оперативно лекувани со оваа метода во период од една година. Евалуација на резултатите по Лисхолм-Џуилквист скалата, артрометрија, Тагнер скор и ИКДЦ скала.

11. Ј.Циривири, З.Несторовски, Н.Петков, Л.Коцев. **Total knee arthroplasty in surgical treatment of gonarthrosis.** II Balkan congress of arthroscopy, sport traumatology and knee surgery. Ohrid, R. Macedonia, 29 september – 1 ocotber 2011.

Приказ на оперативно лекувани 185 пациенти со имплантацаија на тотална протеза на колено со и без жртвување на задниот вкрстен лигамент. Прикажана е хируршката техника, компликации интраоперативни, постоперативни и функционални резултати.

12. Ј.Циривири, З.Несторовски, Н.Петков, Л.Коцев, Д.Талевски. **Total knee arthroplasty in our hospital in period 2008-2012.** Treci kongres srpske ortopedsko-traumatoloske asocijacije. Zlatibor, R.Srbija, 10-13 oktobar 2012.

Во овој труд се анализирани 239 пациенти кај кои се имплантирани ендопротези на коленото со и без жртвување на задниот вкрстен лигамент. Прикажани се функционалните резултати според „Knee society score" со период на пратење од 1 до 4 год.

13. Ј.Циривири, З.Несторовски, Д.Домазетовски, Т.Вранишковски, Н.Петков, Д.Талевски, Л.Коцев.

**Shoulder hemiarthroplasty as primary management of comminuted humeral head fracture in the elderly patients.** Treci kongres srpske ortopedsko-traumatoloske asocijacije. Zlatibor, R.Srbija, 10-13 oktobar 2012.

Прикажано е нашето почетно искуство со имплантацијата на субтотална протеза на рамениот зглоб кај пациенти со сложени скршеници на проксималниот дел на хумерусот. Во трудот се опфатени индикациите, хируршката техника на апликација на протезата, компликациите и функционалните резултати.

14. З. Несторовски, Ј.Циривири, Н.Петков, Л.Коцев, Д.Талевски. **Reconstruction of the anterior cruciate ligament with hamstring tendon.** Treci kongres srpske ortopedsko-traumatoloske asocijacije. Zlatibor, R.Srbija, 10-13 oktobar 2012.

Опфаќа 43 пациенти на средна возраст од 33 год., оперативно лекувани со оваа метода во период од две години. Евалуација на резултатите по Лисхолм-Џуилквист скалата, артрометрија, Тагнер скор и ИКДЦ скала.

15. Н.Петков, Д.Талевски, Л.Коцев, Т.Вранишковски, Д.Домазетовски, К.Зафиров, Ј.Циривири

**31 година работа на Одделението за ортопедија и трауматологија при Воената и Градската општа болница „8 Септември" - Скопје.** Симпозиум по повод 20 години од основањето на Македонското здружение на ортопеди и трауматолози (МАДОТ). Скопје, Р.Македонија, 15-16 ноември 2013 г.

Видеопрезентација со користени материјали од Министерство за одбрана, Универзитетска библиотека „Св Наум Охридски", Државен архив на Македонија и Институт за национална историја. Ретроспективно е прикажана историјата на ова Одделение од неговиот почеток до последната година.

16. Ј.Циривири, Д.Талевски, З.Несторовски, Т.Вранишковски, Л.Коцев. **Two Stage Revision Surgery for Infected Hip and Knee Endoprothesis Using Antibiotics spacer.**V kongres srpske ortopedsko-traumatoloske asocijacije.Beograd, R.Srbija, 13-15 oktobar 2016.

Во овој труд се презентирани 50 случаи на инфицирани ендопротези на колк и колено кои се решавани во два оперативни акта. Во првиот се отстранува примарната протеза и се поставува антибиотски спејсер од сопствено производство, а по 4-6 недели кога инфекцијата се смирува спејсерот се отстранува и се реимплантира ревизиона протеза. Трудот опфаќа процент на успех и функционални резултати.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Јасмин Циривири, вработен во ГОБ „8 Септември" во Скопје на Одделението за ортопедија и травматологија, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *ортопедски болести* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија е едногласна во оценатa дека со целокупната своја досегашна работа д-р Јасмин Циривири значајно придонел за наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност во областа на ортопедијата и травматологијата.

Д-р Јасмин Циривири активно публикува научни и стручни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија и активно учествува на значајни меѓународни конференции, симпозиуми и семинари од научноистражувачките области на интерес. Бил на голем број едукативни престои и работилници за усовршување од областа на ортопедската хирургија, во референтни центри во Европа и САД. Член е на повеќе домашни стручни здруженија, како и на стручни меѓународни асоцијации.

Интензивната активност на д-р Јасмин Циривири ја потврдува проценката дека се работи за личност со исклучителна надареност и истрајна мотивираност за стручна, научна и едукативна работа.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, **Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да го избере д-р Јасмин Циривири во звање доцент во наставно-научната област ортопедски болести.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирче Симеонов, редовен професор во пензија, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Божиновски, вонреден професор, с.р.**
**Проф. д-р Милка Здравковска, редовен професор, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Одбранета докторска теза | 1 | 15 | | | 15 |
| **2** | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор: трудови бр. 1-5 | 5 | 6 | | | Вк = 30 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научни собири и конгреси:<br>трудови бр. 7, 8, 10, 11 – дома<br>трудови бр. 12, 13,14, 16 – во странство | 4 | 1,5 | 4 | 2 | 6<br>8<br>Вк = 14 |
| **3** | Студиски престој во странство | | | | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **67** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Стручен труд со оригинални научни резултати: трудови бр. 6, 9, 15 | 2 | 4 | 1 | 5 | 9 |
| **2** | Раководител на институтски орган, комисија | 1 | 2 | | | 2 |
| **3** | Член на редакциски одбор на МАДОТ | | 2 | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **13** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **80 поени** |